СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 128 **24 јуни 2019, понеделник** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1856.	**Одлука** за исправка на Одлуката за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје	**2**
1857.	**Решение** за ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови	**2**
1858.	**Решение** за ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови	**2**
1859.	**Правилник** за измена и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци	**2**
1860.	**Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт	**3**
1861.	**Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**4**
1862.	**Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**5**
1863.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**6**
1864.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**8**
1865.	**Статут** на Адвокатската комора на Република Северна Македонија (Пречистен текст)	**10**
	Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои се придржува/прифаќа Република Северна Македонија на покана на ЕУ	
10.	**Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/467 на Советот од 21 март 2019 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина	**2**
	Огласен дел	**1-72**

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1856.

Врз основа на член 40 алинеја 5 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија, ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАВКА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

Се врши исправка на Одлуката бр. 02-1079/1 од 19.6.2019 година, така што во изреката на Одлуката под реден број 3 наместо „Весна“ треба да стои „Ивона“ и под реден број 8 наместо „ Гашоска“ треба да стои „Пашоска“.

Во останатиот дел Одлуката бр.02-1079/1 од 19.6.2019 година останува неизменета.

Бр. 02-1079/4
24 јуни 2019 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
Киро Здравев, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

1857.

Врз основа на член 83 став 7 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“број 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ

На ден 12.6.2019 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Слатино-вон-град, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Тетово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Слатино-вон-град, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Слатино-вон-град.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 0917-8425/1
12 јуни 2019 година
Скопје

Агенција за катастар на недвижности
Директор,
м-р **Борис Тунцев**, с.р.

1858.

Врз основа на член 83 став 7 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ

На ден 8.6.2019 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Прељубиште, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Тетово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Прељубиште, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Прељубиште.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 0919-8276/1
8 јуни 2019 година
Скопје

Агенција за катастар на недвижности
Директор,
м-р **Борис Тунцев**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

1859.

Врз основа на член 23 став (4) и член 52 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на 20.6.2019 година, го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 1

Во Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на РМ“ број 161/2015) во член 5 ставот (1) се менува и гласи:

“Основното ниво на техничките и организациските мерки ги опфаќа следните видови на заштита: документација за технички и организациски мерки, обезбедување на технички мерки за тајност и заштита на личните податоци вклучувајќи лични податоци што се обработуваат во аудио снимки, обезбедување на организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци вклучувајќи лични податоци што се обработуваат во аудио снимки, информирање за заштита на личните податоци, физичка сигурност на информацискиот систем, идентификација и проверка на пристапот на интернет порталот, организациски мерки за заштита на личните податоци при автоматизираната обработка на податоците, контрола на пристап, правило „чисто биро“ и чување и уништување на документи.“

Член 2

По членот 8 се додава нов член 8а кој гласи:

“Член 8а

Агенцијата обезбедува технички мерки за тајност и заштита на личните податоци при пристап и снимање на телефонски разговори од страна на овластеното лице и тоа:

а) Креирање на единствено корисничко име за секое овластено лице на Агенцијата што има пристап до системот за снимање на телефонски разговори;

б) Лозинка креирана од овластеното лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;

в) Воспоставување на автоматизирано одјавување од системот за снимање на телефонски разговори по изминување на одреден период на неактивност (не подолго од 15 минути) и повторно впишување на корисничкото име и лозинката при активирање на системот;

г) при неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да побара инструкција од администраторот на информацискиот систем .

д) Инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера ("фајервол") или рутер помеѓу системот за снимање на телефонски разговори и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;"

ѓ) На снимените разговори се прави сигурносна копија според процедура, во која детално е опишан начинот на автоматизирано копирање на лични податоци на централизирана локација во Агенцијата;

е) Агенцијата води евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до снимените разговори, и воспоставува постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап преку својата домеин структурирана внатрешна мрежа. Овластените лица имаат пристап само до личните податоци кои се неопходни за извршување на нивните работни задачи. Агенцијата воспоставува механизми, односно врши евиденцијата на корисници кои се логираат на системот и води сигурносна матрица за сите корисници и нивните привилегии на пристап за да се оневозможи пристап на овластените лица до лични податоци со права различни од тие за кои се авторизирани;

Член 3

По членот 14 се додава нов член 14а кој гласи:

„Член 14а

Агенцијата обезбедува организациски мерки за заштита на личните податоци при обработката на податоците од системот за снимање на телефонски разговори, и тоа:

а) Почитување на целосна доверливост и сигурност на лозинките и на останатите форми на идентификација за пристап до информацискиот систем кој содржи лични податоци;

б) Електронско уништување на документи кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување;

в) Изнесувањето на медиум кој е носител на лични податоци (компакт диск, дискета, преносли компјутер и други медиуми за пренос на податоци), надвор од работните простории да биде со посебна дозвола и контрола за да не дојде до нивно губење или незаконско користење;

г) Воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се чуваат и обработуваат личните податоци;

д) Почитување на процедурите за пристап до системот за снимање на телефонски разговори. "

Член 4

Во член 21 по зборот:„Агенцијата" се додаваат зборовите: обезбедување контрола на системот за снимање на телефонски разговори,".

Член 5

Во член 23 став (1) по зборот:„ инфраструктура " се додаваат зборовите: "и системот за снимање на телефонски разговори,".

Член 6

Во член 25 став (1) по зборовите: „на Агенцијата" се додаваат зборовите: "и системот за снимање на телефонски разговори,".

Во ставот (2) по зборовите: „до информацискиот систем" се додаваат зборовите: "или до системот за снимање на телефонски разговори,".

Член 7

Во член 31 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

"Снимките направени при снимање на телефонски разговори од изминатото полугодие (јануари - јуни) се чуваат во рок од 3 месеци по завршување на полугодието на кое се однесуваат заради исполнување на целите за кои се врши снимањето на телефонските разговори.

По истекот на рокот за чување на снимените податоци, истите ќе се бришат со автоматизиран процес, на начин опишан во Правилник за начинот на уништување на документи и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-870/4
21 јуни 2019 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
Максуд Али, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1860.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 96/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.96/2019) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на РСМ" бр. 103/2019), а имајќи ги во предвид Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 32/2001...120/18), Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ" бр. 44/99...198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.98/2019), Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/2005... 99/18) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати („Службен весник на РМ" бр.138/09...51/14), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24.6.2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	67,00 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	69,50 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	60,50 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	50,00 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	33,237(денари/килограм)

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени од точката А на став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржани се и највисоките набавни цени, кои изнесуваат:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	27,577 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	29,373 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	29,080 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	29,286 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	26,077 денари/килограм)

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е и највисокиот надоместок за големопродажна маржа во износ од 1,20 денари/литар, односно 1,20 денари/килограм за мазутот М-1 НС.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е надоместокот за највисока малопродажна маржа за Еуросупер БС-98, Еуродизел БС и Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) во износ од 4,60 денари/литар, односно во износ од 4,59 денари/литар за Еуросупер БС-95, и вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати, со исклучок за мазутот М-1 НС.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	0,080 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	0,080 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	0,030 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	0,040 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	0,050 (денари/килограм)

Член 6

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	0,890 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	0,890 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	0,300 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	0,300 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	0,740 (денари/килограм)

Член 7

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот за акцизите, изнесуваат и тоа:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95	21,693 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98	22,005 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	15,311 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	6,197 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС	0,100 (денари/килограм)

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 25.06.2019 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-2384/1
24 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

1861.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 и член 42 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 96/19) и член 14 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/19 и 54/19), постапувајќи по Барањето за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-11/19 од 12 март 2019 година на Друштвото за производство, промет и услуги ВИЧИШКИ КОМЕРЦ Долорес ДООЕЛ увоз-извоз Илинден Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство, промет и услуги ВИЧИШКИ КОМЕРЦ Долорес ДООЕЛ увоз-извоз Илинден Скопје му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ВИЧИШКИ КОМЕРЦ".

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е утврдена во Прилог 1, којшто е составен дел на оваа Одлука.

3. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија согласно член 44 од Законот за енергетика ќе донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член ќе достави потребна документација со која овој енергетски објект ќе биде ставен во употреба.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-11/19
13 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог 1

ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Назив и седиште на носителот на привремена лиценца

Друштво за производство, промет и услуги ВИЧИШКИ КОМЕРЦ Долорес ДООЕЛ увоз-извоз Илинден Скопје, со седиште на ул. 24 бр. 37 Илинден, Република Северна Македонија

2. Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца

Производство на електрична енергија

3. Евидентен број на привремена лиценца: ЕЕ-ПРОИЗ-367-2019

4. Единствен матичен број: 4300009

5. Единствен даночен број: 4030992127172

6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши во фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ВИЧИШКИ КОМЕРЦ" со технички карактеристики наведени во Прилог 2, којшто е составен дел на оваа привремена лиценца.

7. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ВИЧИШКИ КОМЕРЦ" со локација на деловен објект со магацински простор кој е изграден на земјиштето на ГП бр. 26.9, КП 1308, КО Илинден, Општина Илинден.

8. Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

9. Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца

Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

Прилог 2

Податоци за фотонапонска електроцентрала

1. Име на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ „ВИЧИШКИ КОМЕРЦ";
2. Планирана моќност на фотонапонска електроцентрала: 100 kW;
3. Општи податоци:
- година на почеток на градба: 2019 година,
- година на завршеток на градба: 2019 година,
- година на почеток на работа: 2019 година,
- проценет животен век: 25 години;
4. Податоци за опрема:
- тип и производител на фотонапонски панели: HERMES SOLAR -Бугарија и PIKCELL GROUP - Македонија;
- тип и производител на инвертор: Fronius EKO x2, Fronius SYMO x2;
5. Годишно сончево зрачење на таа локација: 1330 kWh/m2;
6. Очекувано производство на електрична енергија: 125 MWh.

1862.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 и член 42 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18) и член 14 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/19 и 54/19), постапувајќи по Барањето за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-33/19 од 6 мај 2019 година на Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Битола, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Битола му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала „МХЕЦ Вирово".

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е утврдена во Прилог 1, којшто е составен дел на оваа Одлука.

3. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија согласно член 44 од Законот за енергетика ќе донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член ќе достави потребна документација со која овој енергетски објект ќе биде ставен во употреба.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-33/19
13 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог 1

ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Назив и седиште на носителот на привремена лиценца

Друштво за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Битола, со седиште на ул. Михаил Апостолски-Дончо бр.10 Битола, Република Северна Македонија

2. Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца

Производство на електрична енергија

3. Евидентен број на привремена лиценца: ЕЕ-ПРОИЗ-366-2019

4. Единствен матичен број: 7147813

5. Единствен даночен број: 4002016547384

6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши во хидроелектроцентрала „МХЕЦ Вирово” со податоци наведени во Прилог 2, којшто е составен дел на оваа привремена лиценца.

7. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши во хидроелектроцентрала „МХЕЦ Вирово” со локација КО Вирово, Општина Демир Хисар.

8. Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

9. Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца

Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

Прилог 2

Податоци за хидроелектроцентрала

1. Име на хидроелектроцентрала: „МХЕЦ Вирово”;
2. Планирана моќност на хидроелектроцентрала: 447 kW;
3. Општи податоци:
- година на почеток на градба: 2018 година,
- проценет животен век: 30 години;
4. Технички податоци:
- планирана моќност: 447 kW,
- номинален напон: 0,4/(10)20 kV,
- номинален број на вртежи: 750,
- номинален фактор на моќност: 0,9,
- номинален проток: 0,4 m³/s,
- бруто пад: 144,22 m,
- нето пад: 136,09 m,
- турбина Пелтон вертикална,
- генератор синхрон,
- маслен трофазен трансформатор;
5. Очекувано производство на електрична енергија: 1395 MWh.

1863.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), постапувајќи по Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-42/19 од 22 мај 2019 година на Друштвото за производство, трговија и услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ЛАРС”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е утврдена во Прилог 1, којшто е составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-42/19
13 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог 1

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Назив и седиште на носителот на лиценцата
Друштво за производство, трговија и услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Гоце Делчев бр.34, Штип, Република Северна Македонија

2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата
Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата: 13 јуни 2019 година

4. Датум на важење на лиценцата: 13 јуни 2054 година

5. Евидентен број на издадената лиценца: ЕЕ-ПРОИЗ-368-2019

6. Единствен матичен број: 4168674

7. Единствен даночен број: 4029990111165

8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност
Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ЛАРС” со локација на кров на производен погон на ул. Гоце Делчев, бр. 34, Штип, на ГП. Бр. 4, КП1375/4, КО Штип 1, општина Штип.

9. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност
Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ЛАРС”, со технички карактеристики наведени во Прилог 2, којшто е составен дел на оваа лиценца.

10. Општи обврски за носителот на лиценцата
Носителот на лиценцата е должен да:
- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

11. Обврска за одвоена сметководствена евиденција
Носителот на лиценцата е должен да:
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- изготви и објави финансиски и други извештаи, во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија.

12. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето
Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.
Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.
Годишниот извештај треба да содржи податоци за:
1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:
- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,
4) извршување на годишната програма за ремонти,
5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

13. Обврска за доставување на други извештаи, податоци и информации во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност.

14. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

15. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до објектите и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

18. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

19. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

Прилог 2

Податоци за фотонапонска електроцентрала

1. Име на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "ЛАРС",
2. Вкупна инсталирана моќност на фотонапонска електроцентрала: 93,15 kW,
3. Општи податоци:
- година на почеток на градба: 2019 година,
- година на завршеток на градба: 2019 година,
- година на почеток на работа: 2019 година.
4. Податоци за опрема:
- тип и производител на фотонапонски панели: PiKCELL GROUP PiK270P(60),
- вкупен број на фотонапонски панели: 345,
- номинални податоци на фотонапонски панел:
- моќност: 270 W,
- напон: 31.14 V,
- струја: 8.68 A;
- тип и производител на инвертор:
- 3 инвертори од тип FRONIUS ECO27 3ph,
- моќност: 27 kW,
- вкупен број на инвертори: 3,
5. Годишно сончево зрачење на таа локација: 1.680 kWh/m2,
6. Очекувано производство на електрична енергија: 127 MWh.

1864.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18) и член 15 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19 и 54/19), постапувајќи по Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија на носител на привремена лиценца, УП1 бр. 12-73/18 од 18 април 2019 година на Друштвото за производство и дистрибуција на електрична енергија СОЛАР СПЕКТАР АГ ДООЕЛ Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство и дистрибуција на електрична енергија СОЛАР СПЕКТАР АГ ДООЕЛ Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СОЛАР СПЕКТАР".

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е утврдена во Прилог 1, којшто е составен дел на оваа Одлука.

3. Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр.12-73/18 од 2 октомври 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 186/18).

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-73/18
13 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог 1

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Назив и седиште на носителот на лиценцата
Друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија СОЛАР СПЕКТАР АГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Пат за Марков Манастир, бб, Драчево, Скопје-Кисела Вода, Република Северна Македонија

2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата
Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата: 13 јуни 2019 година

4. Датум на важење на лиценцата: 13 јуни 2054 година

5. Евидентен број на издадената лиценца: ЕЕ-ПРОИЗ-338-2019

6. Единствен матичен број: 6744214

7. Единствен даночен број: 4058011511433

8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност
Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СОЛАР СПЕКТАР“ со локација на објект на Пат за Марков Манастир бб Драчево, Скопје-Кисела Вода, КП бр.2096, КО Драчево 2, општина Кисела Вода.

9. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност
Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СОЛАР СПЕКТАР“, со технички карактеристики наведени во Прилог 2, којшто е составен дел на оваа лиценца.

10. Општи обврски за носителот на лиценцата
Носителот на лиценцата е должен да:
- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

11. Обврска за одвоена сметководствена евиденција
Носителот на лиценцата е должен да:
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- изготви и објави финансиски и други извештаи, во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија.

12. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето
Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.
Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.
Годишниот извештај треба да содржи податоци за:
1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:
- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,
4) извршување на годишната програма за ремонти,
5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

13. Обврска за доставување на други извештаи, податоци и информации во врска со вршењето на енергетската дејност
Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност.

14. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

15. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до објектите и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

18. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

19. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

Прилог 2

Податоци за фотонапонска електроцентрала

1. Име на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ „СОЛАР СПЕКТАР“,
2. Вкупна инсталирана моќност на фотонапонска електроцентрала: 49,65 kW,
3. Општи податоци:
- година на почеток на градба: 2018 година,
- година на завршеток на градба: 2019 година,
- година на почеток на работа: 2019 година.
4. Податоци за опрема:
- тип и производител на фотонапонски панели:
- JAM60D00 300-320/BP – 305Wp (60 парчиња),
- JAM72SO3 360-380/PR – 380Wp (60 парчиња),
- Rec Twinpeak 2S – 285Wp (30 парчиња),
- број на фотонапонски панели: 150,
- номинални податоци на фотонапонски панели:
- моќност: 305 W, 380 W, 285 W
- напон: 33,81 V, 39,80 V, 31,90 V
- струја: 9,76 A, 10,09 A, 9,66 A
- тип, производител и номинални податоци на инвертори:

HUAWEI Sun2000-33KTL-A,
FRONIUS Symo 8.2-3-M,
FRONIUS Symo 3.0-3-M,
KOSTAL Plenticore plus 5.5,

- број на инвертори: 4,

5. Годишно сончево зрачење на таа локација: 1250-1450 kWh/m2,
6. Очекувано производство на електрична енергија: 64,645 MWh.

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1865.

Врз основа на член 5 од Законот за адвокатура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/11, 113/2012 и 148/2015) и член 19 алинеја 1 од Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, донесен од Собранието на Адвокатската комора на Република Македонија на 28.5.2006 година, како и врз основа на Одлуката за измена на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 25.5.2007 година, Одлуката за измена на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 30.5.2009 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 28.5.2011 година, Одлуката за дополнување на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 12.5.2012 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 18.5.2013 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 28.5.2016 година и Одлука за измена и дополнување на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 4.5.2019 година, а врз основа на член 2 став 2 од Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 4.5.2019 година, Управниот одбор на ден 10.6.2019 година го изготви следниот

С Т А Т У Т
НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
(Пречистен текст)

I.ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој Статут се уредуваат: јавните овластувања, делокругот на работа, организацијата и работата на Адвокатската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст Комората), нејзините органи и тела, општите акти и постапката за нивно донесување, начинот и постапката за прием, упис и бришење од Именикот на адвокатите, Именикот на адвокатските друштва, Именикот на адвокатските стручни соработници и Именикот на адвокатските приправници, правата и должностите на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници, постапката

за издавање и одземање на лиценца, постапката за полагање на адвокатски испит, услови за осигурување од одговорност за адвокатот и адвокатското друштво од штета, финансирање на Комората и други прашања.

II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА КОМОРАТА

Член 2

Комората во извршувањето на работите од својот делокруг обезбедува унапредување на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба и ефикасно обезбедување правна помош и вршење јавни овластувања.

Работите од својот делокруг, Комората ги извршува самостојно и независно, врз основа и во рамките на Уставот, Законот за адвокатурата и други закони, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на РМ, Статутот, Кодексот на адвокатската етика и други прописи и општи акти.

Член 3

Комората:

- ја претставува адвокатурата;
- ги застапува интересите на адвокатурата;
- обезбедува услови за непречено вршење на адвокатската дејност, во рамките на независноста, самостојноста и јавноста на адвокатската професија;
- решава за стекнување и престанок на правото на вршење адвокатска дејност и упис и бришење во Именикот на адвокатите; Именикот на адвокатските стручни соработници и Именикот на адвокатските приправници;
- врши упис и бришење во Именикот на адвокатските друштва;
- издава и одзема лиценци
- решава за одговорноста за повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата;
- решава за привремена забрана на вршење адвокатска дејност;
- донесува Тарифа за награда и надоместок на трошоците на адвокатите;
- донесува акти на Комората;
- донесува Кодекс на адвокатската етика;
- се грижи за стручно оспособување и усовршување на адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници;
- одлучува за реципроцитетот ;
- остварува соработка со сите правни институции во државата, како и со оние кои директно или индиректно можат да помогнат во остварувањето на целите и задачите на адвокатурата;
- обезбедува услови за осигурување од одговорност за адвокатите и адвокатските друштва од штета;
- обезбедува услови и начин за полагање на адвокатски испит;
- ја развива адвокатската етика;
- воспоставува и ја развива соработката со други адвокатски комори и меѓународни адвокатски асоцијации и
- врши други работи што се ставени во надлежност на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба.

III.ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА КОМОРАТА

Член 4

Називот на Комората е: АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

Член 5

Комората има својство на правно лице

За своите обврски Комората одговара со целиот свој имот.

Член 6

Седиштето на Комората е во Скопје, на ул. Даме Груев бр.3 влез 5 локал 8.

Член 7

Комората има печат, штембил и лого.

Печатот на Комората има тркалезна форма со пречник од 3см., во чија внарешна страна полукружно е испишано: Адвокатска комора на Република Северна Македонија, а во средината симболот.

Штембилот е со правоаголна форма и на него е испишано: Адвокатска комора на Република Северна Македонија и празен простор за број и датум на актот што се прима или испраќа и во последниот ред стои: во Скопје.

Логото на АКРСМ е со форма на штит на кој во горниот дел е испишано Адвокатска Комора,под кој текст е впишана бројката 1945,а во долниот дел Република Северна Македонија.Во средиштето на позадина со стилизирано знаме на Република Северна Македонија во горниот лев дел има клуч,,во горниот делесен дел отворена книга,а во долниот дел средишно се наоѓаат две раце во поздрав.

Член 8

Работата на органите на Комората е јавна.

При одлучување во одредени случаи и за одредени прашања, јавноста во работата на Комората може да биде исклучена со акт на Комората.

Член 9

Комората може да членува во адвокатски меѓународни организации и други правни асоцијации и здруженија во земјата и во странство.

Член 10

На подрачјето на основен суд во Република Северна Македонија се основа адвокатска заедница (во натамошен текст АЗ), освен за подрачјето на основните судови на град Скопје каде се основаат четири адвокатски заедници (АЗ Скопје 1; АЗ Скопје 2; АЗ Скопје 3 и АЗ Скопје 4) кои бројат еднаков број адвокати.

Бројот и припадноста на адвокатите на адвокатската заедница ги утврдува Управниот одбор со своја одлука.

Адвокатската заедница ја сочинуваат сите адвокати запишани во Именикот на адвокатите, коишто имаат седиште на канцеларијата на подрачјето утврдено во став 1 од овој член.

Член 11

Името на адвокатските заедници гласи: АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Адвокатска заедница..., со додавање на градот за кој е основана заедницата, а за Адвокатските заедници на градот Скопје името: Адвокатска заедница Скопје 1; 2; 3 или 4.

Член 12

Адвокатската заедница ги има следните права и должности:

- избира претседател на АЗ,
- се грижи за угледот и достоинството на адвокатурата како професија,
- избира свои претставници во органите на АКРСМ,
- разгледува прашања, дава мислења и предлози до органите на АКРСМ,

- комуницира со судовите од месна надлежност каде делува АЗ во врска со прашања кои се од интерес на АЗ,
- соработува со други АЗ по прашања кои се од заеднички интерес,
- врши и други работи кои со одлука на орган на АКРСМ им се доверени.

Собирот на адвокати на АЗ избира претседател, заменци претседатели по предлог на претседателот, претставници во собранието на АКРСМ и завзема мислења и дава предлози од интерес за АЗ.

Со АЗ раководи претседател, чиј избор го врши собирот на адвокати.

Мандатот на претседателот и неговите заменици е четири години без ограничување на изборот.

Со Правилник донесен од УО на АКРСМ поблиску се утврдуваат правата должностите и начинот на работа на АЗ.

IV. ОРГАНИ И ТЕЛА НА КОМОРАТА

Член 13

Органи на Комората се: Собрание; Управен одбор; Надзорен одбор; Дисциплински обвинител; Дисциплински суд и Жалбен совет.

Мандатот на органите на на АКРСМ трае четири години.

1. Собрание на Комората

Член 14

Собранието е највисок орган на Комората.

Собранието го сочинуваат претставници на адвокатските заедници.

Во Собранието се избира по еден претставник за секои десет адвокати од една адвокатска заедница, а ако преостанатиот број на членови на АЗ е поголем од пет се избира уште еден претставник.

Бројот на претставниците во Собранието, се утврдува согласно став 3 од овој член заклучно со први јануари во годината во која престанува мандатот на избраните претставници.

Одлуката од ст.4 на овој член ја донесува Управниот одбор и за истата ја известува адвокатската заедница.

Претставниците во Собранието на АКРСМ, АЗ ги избираат најдоцна шеесет дена пред истекот на мандатот на претходно избраните претставници.

Член 15

Седница на Собранието се одржува најмалку еднаш годишно, во месец Мај.

Собранието задолжително ќе се свика ако тоа го побараат со писмено барање повеќе од 1/3 од претставниците на Собранието, или десет адвокатски заедници, или најмалку триста адвокати поединечно.

Седницата на Собранието од став 1 на овој член ја свикува Управниот одбор на Комората најдоцна триесет дена пред денот на одржувањето на седницата.

Седницата од став 2 на овој член ја свикува Управниот Одбор на АКРСМ во рок од 30 дена по поднесувањето на барањето. Доколку Управниот Одбор не ја свика седницата во овој рок седницата задолжително ќе се одржи во рок од 60 дена од денот на поднесеното барање.

Ако Управниот одбор не свика седница на Собранието согласно став 1 и 2 од овој член сите органи на АКРСМ освен Собранието се распуштаат, а на наредната седница се бираат нови органи на АКРСМ кои ќе работат до истекот на мандатот на собранието на АКРСМ.

Член 16

Дневниот ред на Собранието го предлага Управниот Одбор, а го усвојува Собранието.

Член 17

Претставниците на Собранието се известуваат за закажаната седница на Собранието најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување, а во итни случаи може и во покус рок.

Член 18

Седницата на Собранието се одржува ако на неа присуствуваат мнозинството од вкупниот број на претставници на Собранието, а одлуките се донесуваат ако за нив гласале мнозинството од присутните претставници на Собранието.

Член 19

Собранието:
- го донесува Статутот на Комората;
- го донесува Кодексот на адвокатската етика;
- го избира Управниот одбор;
- го избира Надзорниот одбор, Дисциплинскиот обвинител, Дисциплинскиот суд и Жалбениот совет;
- расправа за прашања од интерес за адвокатурата и донесува одлуки во врска со тоа;
- ја контролира и ја насочува работата на Управниот одбор;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на: Управниот одбор, Надзорниот одбор, Дисциплинскиот обвинител, Дисциплинскиот суд и Жалбениот совет;
- го разрешува Управниот одбор, Надзорниот одбор, Дисциплинскиот обвинител, Дисциплинскиот суд и Жалбениот совет пред истекот на мандатот, ако констатира дека истите го кршат Уставот, законите и другите прописи, Статутот и другите акти на Комората;
- ја разгледува завршната сметка на Комората и
- донесува финансов план на Комората.

2. Управен одбор

Член 20

Управниот одбор е раководен орган на Комората и извршен орган на Собранието.

Управниот одбор го сочинуваат 17 членови кои ги избира Собранието на начин утврден со Деловникот за работа на Собранието.

При изборот на членовите на Управниот одбор се обезбедува територијална застапеност на адвокатите од целата држава.

Член 21

На конститутивната седница, Управниот одбор, од редот на своите членови избира Претседател на Управниот одбор и двајца заменици, со мандат од две години.

Претседателот на Управниот одбор ја застапува и претставува Комората.

Претседателот на Управниот одбор при застапувањето и претставувањето на Комората го носи називот „Претседател на Адвокатската комора на Република Северна Македонија“.

Член 22

Седници на Управниот одбор свикува Претседателот на Управниот одбор и раководи со нив.

Седница на управниот одбор може да се свика и по барање на 1/3 од неговите членови.

Во случај на спреченост на Претседателот на Управниот одбор, седница свикува и со неа раководи неговиот заменик.

Член 23

Управниот одбор, како извршен орган на Собранието, ги извршува одлуките на Собранието и ја спроведува неговата политика.

Управниот одбор:

- донесува Тарифа за награда и надоместок на трошоците на адвокатите;
- донесува Правилник за дисциплинска одговорност на адвокатите;
- ги избира членовите на Советот на Комората;
- формира постојани и повремени комисии и тела и ги именува нивните членови, според потребите на Управниот Одбор;
- остварува соработка со институциите на државата, како и соработка со здруженија и организации;
- остварува соработка со правните асоцијации на други држави и меѓународни институции и донесува Одлука за зачленување во истите;
- разгледува предлози, ги проучува и по нив зазема став или донесува одлуки што се од интерес за адвокатурата;
- соработува во подготовките на прописите што се однесуваат на работата на адвокатурата;
- ја следи состојбата во адвокатурата и дава препораки и мислење за поуспешно извршување на истата;
- донесува Правилник за систематизација на работните места во стручната служба;
- одлучува во втор степен за сите права од работен однос за вработените во стручната служба;
- управува со средствата на Комората и поднесува извештај;
- ја одобрува завршната сметка;
- ја определува висината на коморската членарина, коморскиот уписен влог и коморската маркица;
- одлучува по жалби против на одлуките на Комисијата за прием, упис и бришење во имениците и издавање и одземање на лиценца;
- се грижи за заштита на адвокатурата пред надлежни органи и институции;
- определува свој претставник - адвокат кој присуствува при претрес на адвокатска канцеларија;
- донесува одлука за давање или недавање согласност за лишување од слобода или одредување на мерка притвор, а по претходно поднесено барање од надлежен орган за давање на согласност, на адвокат за кривично дело сторено во вршење на адвокатска дејност;
- поведува прекршочна постапка;
- УО на АКРСМ свикува изборен собир на АЗ доколку тоа претседателот на таа заедница не го стори најдоцна 10 дена пред истекот на неговиот мандат.
- Донесува Правилник за Адвокатските заедници;
- Донесува Правилник за начинот, постапката и условите за осигурување на адвокатите и адвокатските друштва од одговорност на штета;
- Донесува Правилник за изгледот и условите за носење на адвокатска тога;
- Донесува Правилник за упис и бришење во Имениците на АКРСМ
- Донесува Правилник за адвокатска маркичка;
- Донесува Правилник за коморска маркичка
- врши и други работи кои со овој Статут не се во надлежност на друг орган.

3. Надзорен одбор

Член 24

Надзорниот одбор брои 3 члена кои ги избира Собранието.

Секој член има свој заменик, кој присуствува на работата на Надзорниот одбор во случај на спреченост на членот кого го заменува.

На првата седница, Надзорниот одбор, од членовите избира Претседател и заменик.

Член 25

Надзорниот одбор:

-врши контрола на финансиското и материјалното работење на Комората;

-ја разгледува завршната сметка на Комората и дава мислење до Собранието.

4. Дисциплински обвинител

Член 26

Дисциплинскиот обвинител поведува и застапува дисциплинско обвинение против член на Комората за сторени дисциплински повреди.

Дисциплинскиот обвинител има три заменици.

Работата на дисциплинскиот обвинител се уредува со Правилникот за дисциплинска одговорност, во согласност со Законот за адвокатурата и со Статутот на Комората.

5. Дисциплински суд

Член 27

Дисциплинскиот суд одлучува по барањата на дисциплинско обвинение, поднесени против членовите на АКРСМ за сторени дисциплински повреди.

Дисциплинскиот суд го сочинуваат три члена, од кои еден е претседател.

Претседателот и членовите имаат свои заменици.

Дисциплинскиот суд првата седница, од своите членови избираат претседател и негов заменик.

Член 28

Работата на Дисциплинскиот суд се уредува со Правилникот за дисциплинска одговорност, во согласност со Законот за адвокатурата и Статутот на Комората.

6. Жалбен совет

Член 29

Жалбениот совет одлучува по жалбите против одлуки на Дисциплинскиот суд.

Член 30

Жалбениот совет го сочинуваат пет члена од кои еден е Претседател.

Претседателот и членовите имаат свои заменици.

Жалбениот совет од своите членови на првата седница избира претседател и заменик.

Член 31

Работата на Жалбениот совет се уредува со Правилникот за дисциплинска одговорност, во согласност со Законот за адвокатура и Статутот на Комората.

7. Совет

Член 32

Советот е советодавно тело на Управниот одбор.

Советот дава мислења по прашања кои се од интерес за адвокатурата.

Советот го сочинуваат најмалку тројца адвокати со најмалку дваесет години искуство во адвокатурата, пензионирани адвокати, како и истакнати научни и стручни лица од одредени области.

Бројот на членовите , составот, начинот на работа на советот го уредува Управниот одбор со деловникот за работа.

V.ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНО ДОНЕСУВАЊЕ

Член 33

Општи акти на Комората се:

-Статут на Комората;

-Кодекс на адвокатската етика;

-Тарифа за награда и надоместок на трошоците на адвокатите;

-Правилник за дисциплинска одговорност;

-Деловници за работа на органи и тела на Комората;

-Правилници;

-Одлуки и други акти кои имаат карактер на општи акти.

Член 34

Актите на Комората мора да бидат во согласност со Уставот, Законот за адвокатурата и другите закони.

Член 35

Актите кои ги донесува Собранието не можат да се пренесат во надлежност на другите органи на Комората.

Член 36

Статутот и Кодексот на адвокатската етика ги донесува Собранието на Комората со мнозинство гласови од вкупниот број претставници.

Член 37

Управниот одбор ги донесува Тарифата за награда и надоместок на трошоците на адвокатите, Правилникот за дисциплинска одговорност, Правилникот за минимално хигиенско-технички услови, правилници кои уредуваат одредени области, одлуки и други акти кои по својата природа се општи акти.

Член 38

Органите и телата на Комората донесуваат Деловници за својата работа.

Член 39

Иницијатива за донесување на Статут и Кодекс на адвокатската етика, нивна измена и дополнување, може да покрене секој член на Комората, адвокатските заедници, Советот и другите органи на Комората.

Иницијативата од ст.1 на овој член се доставува до Управниот одбор.

Член 40

Предлог за донесување на Статут и Кодекс на адвокатската етика и предлог за нивна измена и дополнување поднесува Управниот одбор.

Член 41

Пред поднесување на предлогот од член 43, Управниот одбор го доставува истиот на адвокатските заедници, кои се должни своите забелешки да ги достават во рок од 30 дена.

По истекот на рокот од став 1, Управниот одбор го утврдува конечниот текст на предлогот и го доставува на Собранието, најмалку 15 дена пред неговото одржување.

Член 42

Управниот одбор општите акти ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 43

Постапка за донесување, измена или дополнување на општ акт, чие донесување е во надлежност на Управниот одбор, може да поведат Комисиите на Управниот одбор, секој адвокат или адвокатско друштво.

Постапката од ст.1 на овој член се поведува со поднесување предлог во писмена форма.

Управниот одбор е должен да го разгледа предлогот и по истиот да донесе одлука.

Примерок од одлуката од ст.3 на овој член, Управниот одбор му доставува на предлагачот.

Член 44

Одлуките на органите и телата на комората се донесуваат со мнозинство од вкупниот број на присутните членови на органите односно телото.

Член 45

Во Службен весник на Република Северна Македонија се објавуваат: висината на коморската членарина, коморскиот уписен влог, тарифа за награда и надоместок на трошоците на адвокатите, решението за одземање на лиценца.

VI. АДВОКАТСКАТА ДЕЈНОСТ

1. Носител на дејност и организациони форми

Член 46

Адвокатската дејност ја врши адвокат поединец или адвокатско друштво, како единствена професија.

Вршењето на адвокатска дејност е неспоиво со вршењето на друга дејност.

Адвокатот слободно избира дали адвокатската дејност ќе ја врши како адвокат поединец или преку адвокатско друштво.

Член 47

Адвокатското друштво се основа со договор за основање, кој мора да содржи:

-назив на адвокатското друштво;

-име и презиме на адвокатите, основачи на друштвото;

-седиште на друштвото;

-висина на сопственичкиот удел на основачите;

-одговорност на друштвото и на основачите за обврските на друштвото;

-распределба на добивката меѓу основачите на друштвото;

-поднесување на загубите во работењето;

-начин на донесување на одлуките на друштвото;

-лице овластено за застапување и претставување на друштвото и неговите овластувања во правниот промет

-времетраење и престанок на постоење на друштвото;

-други прашања за кои основачите сметаат дека се од значење за уредување на нивните односи.

Член 48

Називот на адвокатското друштво ги содржи зборовите адвокатско друштво и името и (или) презимето на еден или на сите основачи.

Забрането е во називот на адвокатското друштво да бидат содржани други зборови освен наведените во претходниот став.

Член 49

Адвокатското друштво и неговите основачи одговараат со целиот свој имот за обврските на друштвото.

Член 50

Седиштето на канцеларијата на адвокатот го определува адвокатот поединец.

Седиштето на адвокатското друштво го определуваат основачите на друштвото.

Седиштето на канцеларијата на адвокатот односно на адвокатското друштво е само на едно место.

Промена на седиштето се врши врз основа на претходно известие на комисијата за прием, упис и бришење во имениците и издавање и одземање на лиценца.

Член 51

Забрането е рекламирање на адвокатската дејност и давање на правни совети во печатени и електронски медиуми.

Не се смета за рекламирање истакнувањето на податоци на адвокатот или адвокатското друштво на нивната лична ВЕБ страна на интернет,под услови определени во Правилникот за дисциплинска одговорност.

Член 52

Седиштето на канцеларијата на адвокатот и седиштето на адвокатското друштво задолжително се обележува со називот на адвокатот односно на адвокатското друштво.

Називот се испишува на бела подлога со димензии 60 x 40 сантиметри со црни букви.

Член 53

Седиштето на канцеларијата на адвокатот мора да ги исполнува минималните хигиено технички услови и минималните технички уреди.

Седиштето на адвокатското друштво мора да ги исполнува минималните хигиено технички услови и тоа: просторија за прием и просторија за адвокатите, санитарен јазол и минималните технички уреди.

Минималните хигиено технички услови ги утврдува комисијата за прием, упис и бришење во имениците и издавање и одземање на лиценца.

Површината на просторот, начинот и постапката за минималните хигиено технички услови и минималните технички уреди ќе се уредат со посебен правилник кој го донесува Управниот одбор.

Член 54

Адвокатот поединец и адвокатското друштво имаат печат со големина 40 x 20 милиметри.

Печатот на адвокатот како штембил содржи: адвокат, име и презиме, седиштето на канцеларијата на адвокатот и бројот на лиценцата.

Печатот на адвокатското друштво содржи: назив на адвокатското друштво, седиштето, име и презиме и бројот на лиценцата на адвокатот.

Адвокатското друштво има штембил со големина 50 x 25 милиметри и содржи: називот на адвокатското друштво, седиштето, простор за деловоден број, ден месец и година прием испратено.

Член 55

На секој поднесок или исправа составена во адвокатска канцеларија адвокатот е должен да стави штембил на адвокати, односно штембил на адвокатско друштво, адвокатска маркичка, издадена од надлежен државен орган, предвидена со посебен закон и коморска маркичка утврдена со акт на Адвокатската комора на Република Северна Македонија и издадена од Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

При застапување пред суд и други органи адвокатот е должен на судот да му предаде соодветна адвокатска и коморска маркичка за тоа застапување.

3. Постапка за прием, упис, издавање и одземање на лиценца

Член 56

Решение за прием, упис и издавање донесува Комисијата за прием, упис и бришење од Имениците и издавање и одземање на лиценца (во натамошниот текст Комисија за прием).

Свечената заклетва се дава пред претседателот на Управниот Одбор и пред Комисијата за прием, упис и издавање и одземање на лиценца.

Член 57

Прием на адвокати се врши во месеците: март, јуни, септември и декември.

Член 58

Својството адвокат се стекнува со упис во Именикот на адвокати.

Член 59

На адвокатот, по уписот во Именикот на адвокати, му се издава лиценца за работа и легитимација.

Член 60

Лиценцата за работа ја издава и одзема Комисијата за прием.

Член 61

Лиценцата содржи: назив на издавачот АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, називот лиценца испишан со стилизирани букви, бројот на лиценцата, името и презимето на носителот на лиценцата, место и датум на издавање, органот кој ја издал и симболот на Комората.

Член 62

Обликот, големината и стилизацијата на текстот го пропишува со правилник Управниот одбор.

Член 63

Лиценцата на адвокатот мора да биде истакната во адвокатската канцеларија каде адвокатот ја врши дејноста.

Член 64

Комисијата за прием ја сочинуваат три члена, од кои едниот е претседател на комисијата.

Член 65

Членовите на Комисијата за прием ги избира Управниот одбор за време од четири години.

Член 66

Барањето за прием се доставува до Комисијата за прием.

Кон барањето за прием се приложуваат:

- кратка биографија
- универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Северна Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии и стекнат VII/1 степен на образование или стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем.
- доказ за положен правосуден испит
- уверение за државјанство
- уверение дека не е одземена деловна способност
- доказ за невработеност.

Член 67

Врз основа на барањето и прилозите од член 66 од Статутот Комисијата за прием донесува решение за прием.

Пред донесување на одлуката по барањето за прием, Комисијата за прием ќе изврши проверки на пригоден начин на фактите од член 12 од Законот за адвокатура и тоа дали лицето ужива углед, дали е достојно за вршење адвокатска дејност вклучително од аспект на познавање на адвокатската етика регулирана во актите на комората и дали врши работи кои се неспоиви со адвокатурата.

Комисијата на пригоден начин ќе го провери и исполнувањето на условите од член 12 став 1 алинеја 4 од Законот за адвокатура, односно дали лицето активно го зборува македонскиот јазик.

Ако кандидатот не ги исполнува условите од чл. 66 од Статутот и член 12 од Законот за адвокатура, Комисијата за прием донесува решение со кое се одбива барањето за прием.

Против решението со кое се одбива приемот кандидатот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

По жалбата одлучува Управниот одбор.

Против конечното решение на Управниот одбор кандидатот може да поведе управен спор.

Член 68

По конечноста на решението за прием кандидатот дава свечена изјава пред Комисијата за прием.

Уписот во именикот на адвокати врши Комисијата за прием.

Член 69

По уписот во именикот адвокатот го определува седиштето на канцеларијата, и му се издава лиценца за работа, за што ја известува Комисијата за прием.

По приемот на известувањето од ставот први од овој член комисијата во рок од 15 дена утврдува дали канцеларијата на адвокатот ги исполнува минималните хигиено технички услови за што издава решение.

Член 70

Лиценцата за работа на адвокатот се одзема во следните случаи:

-Врз основа на конечна Одлука на дисциплинскиот суд на АКРСМ, во постапка и услови определени со Правилникот за дисциплинска одговорност,

-Врз основа на конечна Одлука на Комисијата за прием, упис и бришење од Имениците и издавање и одземање на лиценца, во постапка и услови определени со Правилник,

-Врз основа на правосилна судска или конечна управна одлука.

Правото на вршење на адвокатската дејност престанува под услови и во постапка утврдени со Законот за адвокатура.

Правото на вршење на адвокатската дејност на адвокатот му престанува ако:

1) се откаже од правото на вршење адвокатска дејност;

2) трајно ја загуби способноста за вршење на адвокатската дејност;

3) го изгуби државјанството на Република Северна Македонија;

4) биде лишен од деловна способност или трајно ја загуби способноста за вршење на адвокатска дејност;

5) ако му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на адвокатска дејност;

6) не врши уплата на коморска членарина;

7) му е одземена лиценца за работа;

8) не се осигура од одговорност за штета нанесена на странката.

Против одлуката за престанок на правото на вршење на адвокатска дејност од ставот (1) на овој член е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Против конечната одлука на Адвокатската комора на Република Северна Македонија може да се поведе управен спор, пред надлежен суд определен со Закон.

Член 71

Лиценцата за работа на адвокатот ја одзема Комисијата за прием.

Член 72

Постапката за одземање на лиценца и/или престанок на правото за вршење адвокатска дејност се иницира:

- кога ќе побара адвокатот,
- по известие на дисциплинскиот обвинител,
- по известие на дисциплинскиот суд,
- по известие на друг орган на АКРСМ
- по известие на државен орган или институција,
- врз основа на сознание на Комисијата за прием.

Член 73

По утврдување на постоењето на причините од член 70 од Статутот Комисијата за прием донесува решение за одземање на лиценцата за работа и/или престанок на правото за вршење на адвокатска дејност.

Член 74

Против решението од член 73 адвокатот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Управниот одбор.

Против Решението на Комисијата за престанок на вршење на адвокатската дејност донесено во постапка на извршување на конечи одлуки на други органи на комората или конечна одлука во управна постапка на надлежни државни органи или правосилна судкса одлука не е допуштена жалба.

Против конечното решение може да се поведе управен спор.

Член 75

По конечноста на решението за одземање на лиценцата за работа адвокатот е должен да ја предаде лиценцата и адвокатската легитимација на Комисијата за прием.

Одлуката за одземање на лиценцата за работа по нејзината конечност се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 76

По барање на адвокатот за мирување на вршење на адвокатската дејност решава Комисијата за прием во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Кон барањето адвокатот доставува потребни документи со кое ја докажува оправданоста на барањето.

Против решението со кое не се одборува мирување на адвокатската дејност адвокатот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Управниот одбор.

Против конечното решение адвокатот може да поведе управен спор.

За време траењето на мирувањето на адвокатската дејност мируваат правата и должностите од вршењето на адвокатската дејност.

4. Осигурување од одговорност

Член 76-а

Адвокатот е должен да се осигура од одговорност за штета која би ја сторил на трети лица со намера при вршење на адвокатската дејност. Договорот за осигурување од одговорност на адвокатите-членови на адвокатското друштво и за адвокатите кои работат во тоа друштво, го склучува друштвото.

Најнискиот износ на осигурување за кој адвокатот кој е запишан во Именикот на адвокатите е должен да склучи договор за осигурување, изнесува 10.000 евра во денарска противредност.

Адвокатите, основачи на адвокатско друштво, подлежат на поединечно осигурување од одговорност за штета во износ утврден во ставот 2 на овој член, а најнискиот износ на осигурување на кој адвокатското друштво е должно да склучи договор за осигурување од одговорност за штета, изнесува 50.000 евра во денарска противредност.

Со условите за осигурување може да се предвиди дека штетата до одреден износ ја надоместува адвокатот лично.

Ако дојде до измена на условите за осигурување, адвокатот е должен, откако ќе прими известување од Комората за тоа, без одложување да го усогласи своето осигурување со изменетите услови.

Адвокатот е должен уредно да го продолжува осигурувањето од одговорност.

Комората може да го преземе осигурувањето од одговорност на сите адвокати во Република Северна Македонија. Во тој случај адвокатите се должни на Комората да и плаќаат надоместок за осигурување од одговорност.

Повредата на обврската за осигурување од одговорност, односно плаќањето на надоместок на Комората за осигурувањето е тешка повреда на адвокатската должност.

Осигурувателите се должни да го склучат договорот за осигурување од одговорност од адвокатот кој ќе им се обрати или со Комората.

Условите за осигурување заеднички ги утврдуваат осигурителните друштва во Република Северна Македонија во договор со Комората, освен во случај кога Комората го врши осигурувањето на адвокатите. Осигурителните друштва се должни за секоја следна година да определат осигурително друштво кое ќе ги застапува.Ако истите не постапат така најдоцна до крајот на октомври во тековната година, за нивен застапник ќе се смета осигурителното друштво кое ќе го определи комората. Одлуката на Комората за тоа не е управен акт.

Ќе се смета дека адвокатот склучил договор за осигурување кога поднел барање за осигурување,без оглед на тоа дали во тоа време бил постигнат договорот од став (8) на овој член.

Ако адвокатот штетата ја направил на трето лице намерно или од грубо невнимание, осигурителното друштво кое ја надоместило штетата на третото лице има право на регрес спрема адвокатот, односно адвокатското друштво.

Член 76-б

Постапката,условите за осигурување и начинот на склучување на договори за осигурување од одговорност на адвокатите ќе се регулираат со посебен правилник.

5. Адвокатски именици

Член 77

Комората води Именик на адвокати, Именик на адвокатски друштва, Именик на адвокатски стручни соработници, Именик на адвокатски приправници, и Именик на странски адвокати и адвокатски друштва.

Именикот на адвокати содржи :

Водоравни алинеји во кои се впишува - Име и презиме на адвокатот со Единствен матичен број, адреса на живеалиште, адреса на пријавено седиште, домашен телефонски број, телефонски број во седиштето, датумот на упис во именикот, датумот на издавање на лиценцата и бројот на лиценцата.

Именикот на адвокатски друштва содржи:

Водоравни алинеји во кои се впишува податоци за основачите - Име и презиме со Единствен матичен број, адреса на живеалиште на оснивачите, датумот на издавање на лиценцата, бројот на лиценцата, домашен телефонски број. Адреса на пријавено седиште, телефонски број во седиштето, датумот на склученото договор за основање, датумот на упис во именикот

Именикот на адвокатски стручни соработници содржи:

Име и презиме на адвокатскиот стручен соработник со Единствен матичен број, адреса на живеалиште, домашен телефонски број, телефонски број во седиштето и датумот на упис во именикот, како и податоци за адвокатот или адвокатското друштво каде е пријавен адвокатскиот стручен соработник како во соодветниот Именик за упис.

Именикот на адвокатски приправници содржи:

Име и презиме на приправникот со Единствен матичен број, адреса на живеалиште, домашен телефонски број, телефонски број во седиштето и датумот на упис во именикот како и податоци за адвокатот или адвокатското друштво каде е пријавен адвокатскиот приправник како во соодветниот Именик за упис.

Именикот на странските адвокати и адвокатски друштва соодржи:

Хоризонтални алинеи во кои се впишува име и презиме на адвокатот, држава од која потекнува и во која го остварил правото на вршење на адвокатска дејност, број на лиценца од надлежниот орган на таа домицилната држава, адреса на седиште во домицилната држава и адреса на седиште во Република Северна Македонија доколку такво поседува, контакт телефон, датум на уписот во Именикот и број на лиценца издадена од АКРСМ.

Член 77-а

Уписот и бришењето во Имениците на АКРСМ се врши на начин и постапка регулирани со посебен Правилник.

Член 78

Формата, обликот и содржината на адвокатската легитимација се уредува со Правилник кој го донесува Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

6. Реципроцитет

Член 79

Адвокати од други држави можат да даваат правна помош и да вршат адвокатска дејност на територијата на Република Северна Македонија под услови на реципроцитет.

Обезбедување на правна помош и вршење на адвокатска дејност на територија на Република Северна Македонија на адвокати и адвокатски друштва од земјите членки на ЕУ се врши согласно Законот за адвокатура.

Постоењето на реципроцитетот го утврдува Управниот одбор.

Реципроцитетот за адвокатите од земјите на Европска Унија нема да се утврдува по приемот на Република Северна Македонија во Европска Унија.

Член 80

Адвокатите од други држави кои сакаат да даваат правна помош и да вршат адвокатска дејност преку нивната институција се обраќаат до Управниот одбор.

Кон барањето доставуваат доказ дека е допуштено адвокати на Република Северна Македонија да даваат правна помош и вршат адвокатска дејност во домицилната држава.

Обемот и видот на овластувањата за давање на правна помош и вршење на адвокатска дејност се уредуваат со договор.

Видот и обемот на овластувањата за давање на правна помош и вршење на адвокатска дејност мора да се идентични.

Член 81

Управниот одбор поведува постапка и ги води преговорите адвокати на АКРСМ да даваат правна помош и да вршат адвокатска дејност во трети држави.

VII.ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМОРАТА

Член 82

Комората се финансира од:
-коморска членарина;
- коморска маркичка;
-коморски уписен влог;
-подароци и фондации;
-закупнина;
-други приходи во согласност со закон.

Член 83

Адвокатите, се должни да плаќаат коморска членарина.

Висината на коморската членарина ја утврдува Управниот одбор и истата не може да биде помала од 50,оо Евра, ниту поголема од 200 Евра годишно, во денарска противредност.

Коморската членарина се плаќа еднаш годишно, однапред од 1.1. - 31.3. во тековната година.

По истекот на периодот од 1.1 - 31.1 предвиден во став 3, Комората доставува до адвокатите кои не платиле коморска членарина опомена пред тужба со обврска во рок од 3 (три) дена да ја платат коморската членарина.

По истекот на овој рок Комората ќе покрене постапка за наплата на долг.

Постапката за наплата на долг е независна од примената на одредбите за престанок на правото на вршење на адвокатска дејност заради неплаќање членарина.

Адвокатската комора има право да одбие барање на адвокат за донесување на решение за престанок на адвокатска дејност, мирување на адвокатска дејност или друго барање по однос на кое треба да постапи адвокатската комора доколку адвокатот има неплатена членарина, освен доколку до денот на одлучувањето адвокатот ја плати членарината. За одбивање на барањето, решение донесува соодветниот орган на Комората. Против ова решение е дозволена жалба во рок од 15 дена до Управниот одбо на АКРСМ. Против конечното решение може да се поведе управен спор.

Член 84

Адвокатите плаќаат коморска маркичка.

Коморската маркичка адвокатот ја плаќа за секој поднесок, исправа и застапување или за сите поднесоци, исправи и застапувања по сите предмети во една година.

Ако адвокатот ги плаќа коморските маркички за секој поднесок, исправа и застапување тој е должен да обезбеди коморски маркички. Обезбедувањето на овие коморски маркички се врши со уплата на средствата на жиро-сметка на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Ако адвокатот плаќа коморски маркички за сите поднесоци, исправи и застапувања по сите предмети во една година, тој е должен да обезбеди 150 коморски маркички вкупно. Обезбедувањето на овие коморски маркички се врши со уплата на средствата на жиро-сметка на Адвокатската комора на Република Северна Македонија. Уплатата се врши еднократно однапред за наредниот период од една година, сметано од денот на уплатата.

Ако адвокатот не обезбедува коморски маркички три месеци според став 3 од овој член на Статутот или ако не обезбеди коморски маркички еден месец според став 4 од овој член од Статутот, Комората доставува до адвокатот опомена пред тужба во рок од 3 (три) дена да ги плати заостанатите коморски маркички односно да обезбеди 150 коморски маркички за сите поднесоци, исправи и застапувања по сите предмети во една година. По истекот на наведениот рок, Комората ќе поднесе тужба за долг.

Член 85

Паричните средства обезбедени од коморскиот уписен влог, коморската членарина, подароците и фондациите, закупнината и другите приходи во согласност со Закон се користат за вршење на работите на Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Паричните средства обезбедени од коморската маркичка се распределуваат на следниов начин и за следните цели:

- 1/3 (една третина) од вкупните средства припаѓаат на Адвокатската комора на Република Северна Македонија заради остварување на потребите на сите адвокати и тоа: организирање на работата на стручната служба на Комората; изработка и водење на сите именици (за адвокати, стручни соработници, приправници); изработка на општи акти на Комората (Правилник за минимални хигиено-технички услови, Правилник за организација и систематизација на работните задачи во стручната службан а Комората, Правилник за дисциплинската одговорност на адвокатите, деловници за работа на органите на Комората); организирање на работата на органите на Комората (Собранието, Управниот одбор, Надзорниот одбор, Дисциплинскиот обвинител, Дисциплинскиот суд, Жалбен совет); информирање на адвокатите (Информатор, Адвокатура); набавка на литература (стручна и научна, домашна и странска,...); организирање и учество на работни средби (со државни органи и поединци, тематски или општите состојби) и друго.

- 1/3 (една третина) од вкупните средства прибавени од адвокатите на таа заедница (за градот Скопје средствата се делат рамномерно на четирите адвокатски заедници) припаѓаат на адвокатските заедници заради остварување на потребите на сите адвокати од секоја адвокатска заедница одделно и тоа: организирање на работата на органите на Адвокатската заедница (простории, опрема, комунални трошоци) и друго.

- 1/3 (една третина) од вкупните средства припаѓаат на Адвокатската комора на Република Северна Македонија заради остварување на посебни намени и тоа : доделување на адвокатите поединечно во случаеви на нивни солидарни потреби (лекување, погреб), награди (годишни, афирмација на адвокатурата на Република Северна Македонија), меѓународна соработка (конференции, семинари) и друго.

Член 85-а

Адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници се должни при секое поднесено барање за упис во Именикот на адвокатски стручни соработници и Именикот на адвокатски приправници да уплатат на сметка на Комората износ одреден согласно став 3 на овој член на име трошоци за упис.

Адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници се должни при секое поднесено барање за мирување на адвокатска дејност, бришење од именикот на адвокати, други административни промени, изготвување на документи и издавање на информација од стручната служба и органите на Адвокатската комора на Република Северна Македонија (потврда, решение, легитимација и друго), да уплатат на сметка на Комората износ одреден согласно став 3 на овој член, на име трошоци за мирување на адвокатска дејност, бришење од именикот на адвокати, други административни промени, изготвување на документи и издавање на информација.

Висината на износите од став 1 и 2 на овој член се утврдува со Одлука на Управниот одбор.

Член 86

Со средствата на Комората располага Управниот одбор, со одлуки што се извршуваат од страна на овластени потписници, а врз основа на овој Статут и законот.

VIII.СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 87

Стручните, помошните и административните работи за потребите на АКРСМ ги извршува стручна служба на Комората.

Член 88

Со стручната служба раководи извршен директор.

Извршниот директор за својата работа одговара пред Управниот одбор.

Извршниот директор учествува во работата на органите и телата на Комората и дава свое мислење, без право на глас.

Член 89

Систематизацијата на работните места, бројот на работниците, нивните права и обврски, платите и другите надоместоци се уредуваат со Правилник, кој го донесува Управниот одбор на Комората.

IX.СВЕЧЕНИ ПРИЗНАНИЈА

Член 90

Свечени признанија можат да се доделат на адвокати, физички и правни лица.

Член 91

Плакета за успешно извршување на адвокатската дејност се доделува на адвокат кој со својата долгогодишна работа во адвокатурата дал придонес во подигнување на угледот на адвокатурата.

Член 92

Плакета за особени заслуги се доделува на физичко или правно лице кое не е член на АКРСМ, за особени заслуги во развојот и унапредувањето на адвокатурата.

Член 93

Благодарница за успешно извршена работа им се доделува на адвокати кои извршиле определени работи од особен интерес за адвокатурата.

Член 94

Плакета и благодарница ги доделува Собранието по предлог на Управниот одбор.

Член 95

Признанија за успешна соработка со АКРСМ доделува Управниот одбор.

X.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 96

На адвокатите кои на денот на влегување во сила на Статутот се запишани во Именикот на адвокати лиценци се издаваат по автоматизам.

Член 97

Сите општи акти на Комората ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 60 дена од денот на неговото влегување во сила.

Член 98

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија од 1.12.2002 година.

Член 99

Овој Статут е донесен на 28 мај 2006 година и влегува во сила на денот на неговото објавување во „Службен весник на РМ“.

Адвокатска комора
на Република Северна
Македонија
Претседател,
адвокат **Љубомир Михајловски**, с.р.

Бр. 02-681/1
10 јуни 2019 година
Скопје

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019128

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

Број 128 **24 јуни 2019, понеделник** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои се придржува/прифаќа Република Северна Македонија на покана на ЕУ

СОДРЖИНА

Стр.

10. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/467 на Советот од 21 март 2019 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина..... **2**

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

10.

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2019/467 НА СОВЕТОТ ОД 21 МАРТ 2019 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2011/173/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СО ОГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/467 на Советот од 21 март 2019 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина.

Член 2

Оваа одлука се однесува на меѓународни рестриктивни финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за финансии, Управата за финансиско разузнавање и Министерството за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2019/467 на Советот од 21 март 2019 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против Босна и Херцеговина ќе се применуваат до 31 март 2020 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4287/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

22.3.2019 EN Official Journal of the European Union L 80/39

COUNCIL DECISION (CFSP) 2019/467

of 21 March 2019

amending Decision 2011/173/CFSP concerning restrictive measures in view of the situation in Bosnia and Herzegovina

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard t the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 21 March 2011, the Council adopted Decision 2011/173/CFSP ([1]) concerning restrictive measures in view of the situation in Bosnia and Herzegovina.

(2) On the basis of a review of Decision 2011/173/CFSP, the restrictive measures should be renewed until 31 March 2020.

(3) Decision 2011/173/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

Article 1

The second paragraph of Article 6 of Decision 2011/173/CFSP is replaced by the following:

'This Decision shall apply until 31 March 2020.'.

Article 2

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 21 March 2019.

For the Council

The President

G. CIAMBA

([1]) Council Decision 2011/173/CFSP of 21 March 2011 concerning restrictive measures in view of the situation in Bosnia and Herzegovina (OJ L 76, 22.3.2011, p. 68).

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

ОДЛУКА (ЗНБП) 2019/467 НА СОВЕТОТ

од 21 март 2019 година

за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 21 март 2011 година, Советот ја донесе Одлуката 2011/173/ЗНБП ([1]) за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина.

(2) Врз основа на преглед на Одлуката 2011/173/ЗНБП, рестриктивните мерки треба да се продолжат до 31 март 2020 година.

(3) Затоа, Одлуката 2011/173/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Вториот став од член 6 од Одлуката 2011/173/ЗНБП се заменува со следното:

„Оваа одлука се применува до 31 март 2020 година.“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 21 март 2019 година.

За Советот

Претседател

Ц. ЧАМБА

[1] Одлука 2011/173/ЗНБП на Советот од 21 март 2011 година за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина (Сл. весник L 76, 22.3.2011 година, стр.68).

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019128